**СООПШТЕНИЕ ЗА ЈАВНОСТ**

# ТАРИФЕН СИСТЕМ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ТАРИФНИОТ СИСТЕМ ЗА ПРОДАЖБА НА ТОПЛИНСКА ЕНЕРГИЈА

Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, денес, 24 август 2017 година, одржа главна седница на која се измени Тарифниот систем за продажба на топлинска енергија.

Со измената на Тарифниот систем се врши попрецизно дефинирање на работните часови на системот, од кои што зависи теоретски потребната енергија на објектите и корекцијата на ангажираната моќност на објектите. Овие параметри имаат директно влијание во однос на износот на авансните фактури кај потрошувачите, а следствено на тоа и на израмнителните фактури за топлинска енергија. Дополнително се зголемува и дијапазонот на корекција на ангажираната моќност.

Со оваа измена потрошувачите ќе добијат поголема стабилност на авансните износи што им се фактурираат и ќе се намали ризикот од големи разлики во израмнителните фактури, кои се изготвуваат по завршувањето на грејната сезона во месеците мај, јуни и јули.

Со ова се овозможува поголема предвидливост на фактурите за топлинска енергија од страна на потрошувачите со што секој ќе може да си го планира соодветно семејниот буџет.

Исто така се воведува можност и самите потрошувачите да си извршат корекција на прогнозираната енергија, а со тоа и на авансните фактури.

**РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА**

Ул. Македонија бр. 25, палата Лазар Поп-Трајков - 6ти спрат • 1000 Скопје, Република Македонија
Централа 02 3233-580 • Факс: 02 2556 004 / 02 3233-586 • www.erc.org.mk • e-mail: erc@erc.org.mk